*литература*
*уметност*
*општествени*
*прашања*

СОВРЕМЕНОСТ

**Скопје Година XXVI** **февр. — март 1976 бр. 2-3**

## ДИМИТАР МИТРЕВ (1919 — 1976)

*Миодраг Друговац*

Колку и да не веруваме, стоиме пред вистината на смртта немоќни да најдеме збор со сеопфатно рационално значење за нејзината неминовност, конечно и за нејзината подмолна закана што во нас и надвор од нас, толку непредвидливо во својата апсурдна предвидливост, нè демне од час во час — колку и да не веруваме во тоа!* Остануваат зад нас книги што ги напишавме и ракописи што не успеавме да им дадеме конечен облик по каков што мечтаевме — сè до последниот татнеж на срцето и последната секавица на мислата. Потоа во другите се препознаваме и заедно со другите ја продолжуваме величенствената смисла на творечкото живеење. Станувајќи присутност во времето, ние како време течеме низ крвотекот на идните поколенија.

А *присутност* — тоа е оној најпрепознатлив вид на *трајноста:* во свеста на еден народ, во неговата духовна историја. Да се биде, пак, нејзиниот конституенс и динамичен фактор, треба да се има дух на *личноста,* што од ден во ден, од дело во дело, се потврдува како исклучителност на епохата. Сведувајќи ги размислувањата по овој повод, се чини дека сме сосем сигурни за каква национална загуба станува збор, се-

*Реч на Комеморативната седница во Друштвото на писателите на Македонија (25. II. 1976 год.).



БИБЛИОТЕКА
МСУ Скопје

га веќе во мислите обраќајќи му се на Димитар Митрев како пред сѐ на една динамична п *градителска личност* во културната историја на македонскиот народ.

Димитар Митрев е роден на 14 октомври 1919 година, во Деде Агач; умрел ненадејно, вчера на 24 февруари 1976 година, во Охрид. Гимназија Митрев завршил во Шумен, студирал на Правниот факултет во Софија, а по ослободувањето на Македонија и Југославија дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје. По револуцијата бил уредник на „Брегалнички глас“ во Штип, уредник на културната рубрика на „Нова Македонија“, помошник директор на Радио Скопје, уредник на списанието „Нов ден“, долгогодишен одговорен уредник и претседател на редакцискиот одбор на списанието „Современост“, и во исто време и републички и сојузен пратеник, и професор по теорија на литературата на Филолошкиот факултет во Скопје, и член на Македонската академија на науките и уметностите, и ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, итн. Меѓу бројни општествени признанија за својата долгогодишна книжевно-критичка и научна дејност или за одделни книги есеи и критики, студии и монографии, се и наградите АВНОЈ, „13 ноември“, „11 октомври“, на Друштвото на писателите на Македонија, итн.

Димитар Митрев е автор на следните дела: „Пиринска Македонија во борба за национално ослободување“ (1950), „Вапцаров“ (1953), „Критериум и догма“ (1956), „Минато и литература“ (1958), Odsev Ilindenske wstaje v umjetni literaturi“, Љубљана (1958), „Повоени македонски поети“ (антологија, 1960), „Пиринска Македонија и БКП“ (1961), Folklor in Macedonian literature, “Edited at Indiana University“ (1966) „Критики и огледи“ (избор, 1969), „Избрани дела“ (во седум томови, 1970), „Тенденции во развојот на македонската литература“ (1972), „Антологија на македонската револуционерна поезија“ (1974), „Есеји и критике“ (1975) и др.

Зборувајќи за Димитар Митрев, ние всушност го имаме предвид целокупниот тридецениски развој на повоената македонска литература. Тековите на неговиот опус се текови на критичката и литературната мисла на нашето вчера и денес. Самороден критичарски дар, Митрев израснал во огнот на полемиката, со која

како да се прочистувала неговата мисла и благодарение на која тој сè до смртта останал под нејзиното влијание — полемичар и во критиката, полемичар и во нештата на литературната теорија, историјата и филозофијата на уметноста. Без полемичкиот жар, без онаа негова, својствена за него, температура, со покачен или спуштен, но никогаш ниско спуштен глас, неговиот критички збор не би ја имал постојната *ударна сила,* привлечност и занимливост, оној ерудитивен блесок, значење и големина на неговата пионерска мисија во широко откриените простори на македонската литература веднаш по ослободувањето и подоцна. Секако, ќе биде некомплетен и нецелесообразен секој оној пристап кон делото и кон личноста на Димитар Митрев, кој, од кои било причини, ќе го превиди или запостави значењето на неговата *мисија* во општата културна и политичка историја на Македонците, а првите знаци на таа *мисија,* на која безрезервно ќе и бидат посветени децении од неговиот живот, со сите мени и процеси од различен вид, — ги наоѓаме уште во 1938 година кај сосем младиот Митрев, кој, во Софија, во некои тогашни летературни кругови и гласници, почнал да се формира како критичар од нерв и со изострено сетиво за вистински убавото и вистински вредното во комплексните структури на литературното дело. Тогаш Митрев пишуваше за стихозбирките на Кочо Рацин, Коле Неделковски, Никола Вапцаров и уште некои македонски поети, па иако во тој период не стекна глас на критичар со голема репутација, каков што ќе го стекне подоцна, тој сепак многу придонесе за афирмација на македонската национална литература во времето кога македонскиот јазик беше проскрибиран од страна на властодржците на Бугарија и Југославија. Со тие трудови и беше започната неговата *втемелувачка* улога во поставувањето на поцврстите основи и во натамошната еманципација на македонската литературна критика, при што од особена важност е да се одбележи дека тој, уште тогаш, се наоѓаше на т. н. *лев фронт* на тогашните литературни движења, посебно на тогашното лево ориентиран и национално кристално самосвесниот „Македонски литературен кружок", на самиот почеток од својата плодна критичарска кариера категорично изјаснувајќи се против сите *леви вулгаризации* на естетски Убавото, суштински никогаш не пренабрегнувајќи ја повеќезначноста на естетскиот феномен во критичкото трагање

по уметничките вредности. Од ракописите објавени во оваа негова критичарска фаза од особено значење е еден есеј од првата страница на софиската неделна ревија „Литературен критик“ (бр. 6, од 27 февруари 1941 година). Веќе самиот наслов „Позиции на реалистичката критика“, фрла сноп светлина и врз тогашните критичко-естетски позиции на младиот, дваесетидвегодишен Митрев: „Негирајќи ја од принцип идејата за уметноста што е самата себеси цел и вредност, пишувал тој — н о в и т е реалисти се објавуваат против тезата за вулгарното социологизаторство и грубата тенденциозност.“ Таа критика, подразбирајќи го реалистичкиот идеал и методот на социолошката провениенција, ќе остане кредо на целокупната негова книжевна политика, критичка и теориска мисла сè до овие дни.

Според Митрев, литературата има општествена функција. Таа функција ја определуваат и таканаречените вонестетски услови и фактори. Нема „железни завеси“ меѓу државно-правните заедници на луѓе, но има специфичности во условите на одделни општествени организации, па дури и во одделни структури на една и иста организација. Функцијата на литературата е многустрана, а пред сè таа е неопходна како медиум за човековото продирање кон вистината и убавината на својата сопствена егзистенција, на своето сопствено „јас“. Порасната врз антиномиите на животот, својата смисла таа ја гледа во реалистичкото оживување на нивниот контрапункт. Следејќи ја таа релација на својата естетичка и идејна платформа, Митрев категорично се изјаснувал против разните „изолационистички“ концепции или такви концепции кои уметноста, т. е. литературата, ја гледаат надвор од контекстот на целокупниот социјален живот и културата на единката, класата и народот.

Во морето диспаратни мислења, вели Митрев, критичарот-реалист секогаш ќе се однесува како труженик кој *не ја пренебрегнува бојата на модерниот живот,* ами уште повеќе — го пронаоѓа *внатрешнот ритам на еден свет,* човеков *душевен и чувствен динамизам,* а тој динамизам го усвојува откако претходно *творечки научно* ќе ги распознае неговите битности и неговите врски со надворешниот свет, за да ни ја претстави *целосната личност на писателот, присуството на творечкото во неговата физиономија, јаркиот*

*знак на творечката супереност на неговата индивидуалност.* Според него, *големиот критик е и голем творец, зашто го бара големото, значајното, трајното.*

Бујниот раст на македонската литература ја услови појавата на различни форми и на критичкиот израз. Веќе кај самиот Митрев, почнувајќи од првиот негов повоен приказ на стихозбирката „Песни" (1944) на Ацо Шопов, па до книгата „Критериум и догма" (1956), може да се забележи таа мошне брза еволуција, тоа спектрално богато разгранување на критичките форми — од белешка и приказ, рецензија и осврт, до аналитички книжевно-историски и критички есеи, студии и монографии. Сепак, своите критички и естетички убедувања Митрев најдоследно и најпотполно ги образложи во многузначната, теориски и полемички конципираната книга „Критериум и догма", како и во полемичките есеи од понов датум — „Литературната ситуација денес" (1963) и „Помеѓу ситуации и реминисценции" (1965). Не е сега време, ни место, да се впуштаме во детаљи за тоа со какви становишта, критериуми на вредноста и со каква теориска аргументација Митрев ја наложувал својата критичка оцена за ова или она дело, оваа или онаа појава во нашата нова литература, но треба да се рече следното: ж и в о т н о с т а на делото — тоа беше и остана негова, би рекол — санктификувана, неотповиклива естетичка категорија, *non plus ultra* на литературата и една токму таква вредност на делото без која ни критиката ни естетиката не можат да се впуштаат во некои други, посложени и посуптилни проекции и вреднувања, па и теориски воопштувања.

Критичар по вокација, Митрев во теоријата и естетиката согледувал единствени полиња од критичката валоризација да се вивне до научна систематичност и синтеза. Во него самиот небаре отсекогаш војувале „неверниот Тома" и „бесниот Висарион". Едниот од нив секогаш сакал предност, примат, прв збор... И другиот истото го сакал. Всушност, еден без друг не можеле ниеден момент: и дејствувале напоредно, надополнувајќи се. Како да не можело без таа двојност, ако се знае дека Митрев во многубројни случаи бил пред и над делата во кои се и искривувала, па и фалсификувала историската вистина за македонскиот народ. Во книгата „Минато и литература", таа историска вистина Митрев ја бара во романите „Железниот

светилник“, „Преспанските камбани“ и „Илинден“ на Димитар Талев, но ни овде не се задоволил само со тоа: и овде, во оваа повеќекратно скапоцена книга — релјефно, впечатливо, ерудитивно ја развил својата теорија за романот, посебно за историскиот роман, одговарајќи на неколку клучни прашања, на пример: „До колку историскиот роман е роман и со што е најмногу роман? Каков е делот и каков е интензитетот на фантазната проекција спрема еден одживеан свет, како е поставено и како е разрешено фактографското и со каква управеност е сугерирана историската вистина? И во сето тоа и меѓу сето: каков е степенот на обопштувачката креативна организираност на белетристичкото дело што е со пробив во светот на минатото. До колку е тоа дело феномен на една интегрална творечка носивост. Повеќе од тоа: — до колку е еден белетристички акт што е рамноправен на секој друг белетристички акт. . .“ На тие прашања тој одговори не само, како наведува, „поради скрупула од литературно-теоретски причини“, туку и поради „литературно-практични причини“, за да формулира еден свој став: “. . .белетристичкото се потценува и потиска (во наведените романи на Д. Талев, заб. М. Д.), а историско е сè друго, но не творечко преобразување на еден живот. Макар и одамна одминат.“

Димитар Митрев е основоположник на современата, марксистичка литературна критика во рамките на македонската и југословенските летератури. Некаде е забележано дека тој е протагонист на таканаречената *одразна естетика,* што несомнено не е многу неточно, па сепак. . . Тој на едно место вели дека уметникот „одразува затоа што твори“, а тој, о д р а з о т, по својата суштина, е „креација а не подражување“. Според него, „Марксизмот не може да го постави и да го толкува одразот како подражување, зашто марксизмот ја поставa и толкува уметноста во нејзината најдлабока суштина како општествена и сознајна функција, како креација што има функција на сознавање. Марксизмот не само што не го одрекнува моќниот фактор на субјективниот активитет, но и го акцентира и го издига во разнострана и со богата дијалектичност разрешена развојност, ослободена од метафизицирање, еластицизирана во својата творечка специфика и творечка своеобразност“. Како критичар-еру-

дит, Митрев никогаш не останувал во сенката на авторите чии што дела ги ставил под лупата на својот критичарски дар. Животот го искушувал, искушенијата растеле, па и такви искушенија кои, како и ова последното, со смртта му се заканувале. Па, сепак, тој останувал тука, на самото поприште на сите закани и искушенија, секогаш со перо во рака и секогаш способен да се впушти во полемика, за да го одбрани своето критичарско кредо и својата визија на македонската литература.

Литературната критика не е никаков numerus clausus, па и самата неа не можеме да ја сфатиме „како комплекс од готови предмети, туку како комплекс од процеси“ (Енгелс). Критиката на литературата, како и филозофијата, е истовремено и *критика на времето*. Исто е и критиката на критиката. Нашата критика, впрочем како и естетичката мисла, а се разбира и литературата, во ова време од триесетина години доживуваше подеми и паѓања, разочарувања и пробиви кон *Новото* во рамките на општата ренесанса на општествената социјалистичко самоуправна свест. Низ процесите на таа ренесанса се менувала и се доизградувала и критичката мисла на Димитар Митрев.